Македонија Денес, 10.5.2000, 498, 16,

CIX галерија

# ИЗЛОЖБА НА ИСКРА ДИМИТРОВА

Во организација на Центарот за современи уметности-Скопје, денес со почеток во 20.00 часот во галеријата CIX ќе биде отворена изложбата на дела од Искра Димитрова, под наслов BINARY CONTACT. Најновото дело на Искра Димитрова е дело кое го создава публиката и претставува инсталација со видео проекции, во чие функционирање ќе биде вклучена и публиката до таа мерка што ќе делува и на визуелниот изглед на делото и на звукот кој притоа ќе се репродуцира.

До поновите дела на оваа авторка најчесто пишува "допри", со што се сака да се воспостави подиректна комуникација помеѓу публиката и делото. Комуникацијата е поширока област која во последно време Искра Димитрова ја истражува имајќи ги во предвид како досегашните така и најновите видови на комуникација во современото технолошко општество. (Н. П.)